СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# ИЗВЕШТАЈ
**за работата на Надзорниот Одбор на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година од аспект на поединечните членови и колективно**

**Битола, март 2018 година**

## Содржина

1. Внатрешна организација и структура на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола........................................................................................................... 3
2. Извештај на работењето на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година од аспект на поединечни членови ...........................................................................................................................4
3. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година од аспект на колективен орган за надзор................................... 8
4. Позначајни акти донесени од страна Надзорниот одбор и други активности на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола ........................................................................................................ 13
5. Соработка со Управниот одбор ........................................................ 14
6. Постоење на евентуален судир на интерес и начинот на кој истиот е разрешен................................................................................ 15
7. Заклучни согледувања .................................................................. 15

## 1. Внатрешна организација и структура на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

Надзорниот одбор е самостоен и независен орган кој врши надзор на работењето на Управниот одбор. Во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, Надзорниот одбор ги одобрува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: НБРМ).

Надзорниот одбор постојано го следи работењето на Банката, ги следи и ги анализира извештаите на супервизорската контрола и другите извештаи од НБРМ и презема мерки за усогласување и работење на Банката во согласност со законската регулатива.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола го сочинуваат 7 (седум) члена, од кои два се независни членови.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, во согласност со Законот за банките и Статутот, го сочинуваат седум члена именувани со Одлука од Собрание на акционери, од кои двајца се независни членови.

Надзорниот одбор на Банката во периодот од 1.1.2017 година до 8.5.2017 година делуваше во следниот состав:

- Господин Ненад Јосифовиќ – претседател,
- Господин Панче Нефтенов – заменик-претседател и независен член,
- Господин Дејан Панделески – член,
- Господин Иванчо Велјановски – член,
- Господин Кирил Митровски – член,
- Госпоѓа Александра Радевска – член и
- Господин Коста Костадиновски – независен член

Со одлука на Собранието на Банката, СО бр. 02-3591/1/II-2 од 22.2.2017 година и по добивање на решенијата за согласност од гувернерот на НБРМ до крајот на 2017 година, Надзорниот одбор на Банката делуваше во следниот состав:

- Господин Ненад Јосифовиќ – претседател,
- Господин Панче Нефтенов – заменик-претседател и независен член,
- Господин Дејан Панделески – член,
- Господин Кирил Митровски – член,
- Госпоѓа Александра Радевска – член,
- Господин Коста Костадиновски – независен член и
- Господин Стевчо Јолакоски – член.